МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11 - 7409/2
Датум:16.11.2021
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 15.11.2021 година изврши увид на лице место на ул. „Букурешка" бр.83 по барање на Инвеститорот за Дистрибуција на топлинска енергија "Балкан Енерџи" ДООЕЛ, Скопје, за изградба на приклучок на дистрибутивна мрежа од шахта Ш000.

На Изведувачот му се дадени насоки за начинот на изведување на ископот согласно издаденото Решение за согласност за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-1335 од 10.05.2021год. кој што е по пат на сечење на асфалтната подлога на ул. „Букурешка ",дел е по тротоар од бекатонска подлога на ул."Букурешка",дел по земјена подлога и дел по бетонска подлога, како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања,и по завршување да изврши враќање во првобитна состојба според важечките нормативи и стандарди за изведување на ваков вид на градежни работи, односно ровот од асфалтната подлога да се тампонира во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ 11 исто и тампонот од тротоарската подлога од бекатон да се набие во слоеви и завршно да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот, ровот во земјената подлога завршно да се тампонира и набие во слоеви, и ровот во делот од бетонска подлога завршно да се бетонира.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 90 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за трасата во должина од 90м1 да уплати износ од 13.284 денари со вклучено ДДВ.

По завршување на сите градежни работи и изведувањето на приклучокот Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
Состојбите на извршување на работите
За поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*